ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.

Бр. 02 - 3/3

Прилеп 04.02 2025 год.

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор(Сл.весник на РСМ бр.46/16), како и член 4 од Политиката за внатрешно пријавување во Тутунски комбинат АД Прилеп бр.02-4/12-7 од 24.06.2024г. и член 93 став 2 алинеја 23 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата одржана на ден 04.02.2025 година, по Записник бр.03 ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи

член 1

За овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Тутунски комбинат АД Прилеп , Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп го назначува лицето Маја Карески со.м.бр.31631 вработена во Тутунски комбинат АД Прилеп распоредена на работно место "Правен референт-сениор" во Биро на генерален директор со контакт телефон 075 270 653 и e-mail адреса maja.kareski@tkprilep.com.mk

член 2

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Тутунски комбинат АД Прилеп, своите обврски ќе ги извршува согласно Законот за заштита на укажувачи и Политиката за внатрешно пријавување во Тутунски комбинат АД Прилеп.

член 3

За извршување на функцијата -Овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Тутунски комбинат АД Прилеп, на овластеното лице му се обезбедува независност и непреченост во работата, како и му се обезбедуваат потребните услови, простор и опрема за работа согласно Политиката за внатрешно пријавување во Тутунски комбинат АД Прилеп.

член 4

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на web страната на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Доставено:

- Претседател на Одбор на директори
- Генерален извршен директор
- Именованото лице
- Правен референт-супервизор
- Архива

Претседател
на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

"Тутунски Комбинат" Прилеп 7 АД-Прилеп со П.О.